**Образложение кон неревидираниот консолидиран и посебен Биланс на успех за период 01.01-30.06.2023 година**

**Консолидиран финансиски резултат**

Консолидираната оперативна добивка на Групацијата Реплек за периодот од 1 јануари 2023 година до 30 јуни 2023 година изнесува 84.031 илјади денари. Оперативните приходи изнесуваат 723.179 илјади денари и се зголемени за 18%, додека оперативните расходи изнесуваат 636.638 илјади денари и бележат зголемување од 13% во однос на истиот период претходната година.

Консолидираните приходи од продажба се зголемени 18% во однос на истиот период минатата година.

Приходи од продажба по деловни сегменти:

- Приходите на продажба на сегмент фармација бележат раст за 32% во однос на минатата година.

  ✓ Приходите од продажба на странски пазар се зголемени за 41% односно по региони како што следува. Износите се прикажани во илјади денари.

| Регион | 30.06.2023 | 30.06.2022 | промена % |
|---:|---:|---:|---:|
| ЗНД | 326.400 | 182.172 | 79% |
| Југоисточна Европа | 96.961 | 96.360 | 1% |
| Африка и Близок Исток | 89.744 | 74.604 | 20% |
| ЕУ | 48.896 | 30.678 | 59% |
| Останати | 5.599 | 0 | 100% |
| Југоисточна Азија | 0 | 18.052 | -100% |
| **Вкупно** | **567.601** | **401.867** | **41%** |

  ✓ Приходите од продажба на домашен пазар на сегмент фармација се зголемени за 2% во однос на истиот период минатата година.

- Приходите на продажба кај трговија на разни стоки и угостителски услуги обавувани преку Реплек Маркет се намалени за 75% во однос на минатата година заради прекинување на угостителски услуги во мај 2022 година и дејноста трговија на разни стоки во јануари 2023 година.

Приходи од продажба по географски сегменти:

- Приходите од продажба на странски пазар со учество во вкупните приходи од продажба од 80% (2022: 67%) се зголемени за 41%
- Приходите од продажба на домашен пазар се намалени за 28% заради намалените приходи од продажба кај трговија на разни стоки и угостителски услуги обавувани преку Реплек Маркет.

Реализираниот промет во сегмент фармација е во рамките на планираното. Консолидираната добивка пред оданочување изнесува 84.031илјади денари и бележи зголемување од 53% во однос на истиот период минатата година. Во консолидираните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година кредитното задолжување е зголемено за 5.797 илјади денари, односно на 30 јуни 2023 година изнесува 295.729 илјади денари (на 31 декември 2022 година изнесува 289.932 илјади денари).

Врз основа на Одлуката од Управниот одбор на Реплек АД од 05.01.2023, на 09.01.2023 Управителот на Реплек Маркет донесе одлука работната единица Маркет, поради слабите резултати да се затвори. Следствено на одлуката, на 07.02.2023 склучен е договор за закуп со правно лице за недвижниот имот и опрема кои биле користени во извршувањето на дејноста на работната единица Маркет. Согласно договорот дополнително закупецот ги презема и сите вработени од закуподавачот во постојниот деловен објект и залихата со која располага Реплек Маркет на тој датум. Согласно барањата на меѓународните сметководствени стандарди МСС 40- Вложувања во недвижности што е во примена во Република Северна Македонија, секоја недвижност која се чува за да заработува наемнини или да ја зголеми вредноста на капиталот, наместо да се употребува во сопствено производство, продажба, набавка, услуги или за административни цели, претставува Вложување во недвижности и сметководствено се евидентира согласно барањата од наведениот стандард. Поради тоа Реплек Маркет врши пренос на овие средства од недвижности кои се користени од сопственик во вложувања во недвижности. Согласно одредбата на МСС 40.61, овие средства првично ќе се признаат според нивна сметководствена вредност по која што биле евидентирани на датумот стапување во примена на оваа Одлука. Направена е промена во сметководственото евидентирање на недвижниот имот:

- Рекласификација од конто 011- Градежни објекти на конто 0201- Вложување во градежни објекти за наем
- Рекласификација од конто 010- Земјишта на конто 0200 – Вложувања во недвижности за наем.

**Неконсолидиран финансиски резултат**

Реплек АД Скопје (Веледрогерија) за периодот од 1 јануари 2023 година до 30 јуни 2023 година оствари оперативна добивка во износ од 22.988 илјади денари што претставува зголемување во износ од 32.444 илјади денари во однос на истиот период минатата година заради зголемена продажба на производи од Реплек Фарм (Фабрика во Групација Реплек).

Реплек АД Скопје (Веледрогерија) во периодот од 1 јануари 2023 година до 30 јуни 2023 година оствари неконсолидирана добивка пред оданочување во износ од 79.562 илјади денари и бележи зголемување 13% во однос на истиот период минатата година. Остварената добивка пред оданочување во најголем дел произлегува од евидентираните приходи од вложувања во поврзаните субјекти во износ од 60.467

илјади денари што претставува дел од остварениот резултат на поврзаните субјекти во 2022 година (претходната година е извршена распределба на дивиденди од поврзаните субјекти на износ од 80.315 илјади денари од остварениот резултат во 2021 година).

Во поединечните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2022 до 30.06.2023 година кредитното задолжување е намалено за 6.834 илјади денари, односно на 30 јуни 2023 година изнесува 136.194 илјади денари (на 31 декември 2022 година изнесува 143.028 илјади денари).

Реплек АД Скопје согласно Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп Број 02-1979/1, донесена на Годишното собрание на акционери одржано на 27.04.2022 година, изврши откуп на 111 сопствени обични акции преку Македонска Берза во март 2023 година со што вкупно поседува 1.311 сопствени обични акции, односно 5,06% од основната главнина на друштвото.

РЕПЛЕК АД Скопје